Australian Macedonian
TODAY
34 YEARS
Австралиско Македонски ДЕНЕС
YEAR XXXIV No 1984 25 OCTOBER 2024 FREE

# СЕНАТОРКАТА ТОРП НАПРАВИ СКАНДАЛ ПРЕД МОНАРХОТ ЧАРЛС:

# „ОВА НЕ Е ТВОЈА ЗЕМЈА, ТИ НЕ СИ МОЈ КРАЛ!“



Кралот Чарлс се соочи со непријатен скандал предизвикан од сенаторка Лидија Торп. Таа за момент ја прекина церемонијата во Канбера пред да биде изнесена од обезбедувањето.

Монархот штотуку се оддалечи од говорницата кога Торп почна да вика додека таа доаѓаше од задниот дел на собранието. Откако упати обвинувања за геноцид, можеше да се слушне како вика: „Ова не е твоја земја, ти не си мој крал!“

По смирувањето на ситуацијата, кралската двојка ги поздрави граѓаните собрани околу парламентот. Луѓето кои вееја австралиски знамиња цело утро стоеле на силното сонце пред зградата на парламентот.

Австралија е дел од Комонвелтот и кралот служи како шеф на државата. Торп, Абориџинка која е независна сенаторка од Викторија, долго време се залагаше за договор меѓу австралиската влада и домородците. Австралија со децении дебатира дали треба да се отцепи од монархијата и да стане република. Во 1999 година оваа идеја беше ставена на референдум, но претрпе тежок пораз.

Австралискиот прајминистер Антони Албанезе, кој се ракуваше со кралот непосредно пред Торп да почне да вика, е долгогодишен републиканец. Сепак, неговата партија ја отфрли можноста за второ гласање за ова прашање во скоро време, по неуспешниот референдум за советодавна улога на домородното население минатата година.

Посетата на кралот Чарлс е негова прва посета на Австралија откако ја наследи својата мајка, кралицата Елизабета Втора. Поради неговото здравје, турнејата е пократка од претходните кралски посети.

# МИЦКОСКИ ПОБАРА ОД ЕУ НОВ ПРЕСПАНСКИ ДОГОВОР СО БУГАРИЈА





FREE DIGITAL EDITION
SCAN the QR CODE
SIGN UP NOW!
РЕГИСТРИРАЈТЕ СЕ ЗА ДА ГО ДОБИВАТЕ БЕСПЛАТНО ДИГИТАЛНОТО ИЗДАНИЕ НА www.australianmacedonian.com.au/subscribe

# Охрид подготвен за целогодишен туризам: 35.000 туристи годишно со чартер летови



Од февруари следната година секојдневно ќе пристигнува по еден авион со туристи од Германија, Франција и Обединетото Кралство надвор од туристичката сезона. Градоначалникот Пецаков нагласи дека ова е доказ оти Охрид има потенцијал да развива туризам 365 дена во годината.

Најавените 35.000 туристи годишно, кои ќе пристигнуваат со чартер летови, ќе придонесат за продолжување на туристичката сезона во главниот туристички центар, ќе обезбедат значителна поддршка за локалната самоуправа и ќе донесат поголеми придобивки за хотелско-угостителскиот сектор. Според премиерот Мицкоски, бројот на ноќевања што ќе ги остварат овие 35.000 туристи ќе претставува 10-15% од вкупниот број ноќевања што во моментов ги реализираат странските туристи во земјата.

AUSTRALIAN MACEDONIAN TODAY
Published by:
AEA ETHNIC PUBLISHERS P/L
Postal: PO Box 544
Thomastown,
Victoria 3074 Australia

Phone: 0403 152 671
Email: amwtoday@icloud.com







# Економскиот раст на Западен Балкан се забрзува, но секој четврти човек заминува во странство

Економскиот раст на Западен Балкан умерено ќе се забрза во текот на 2025 година, пред се поради зголемувањето на инвестициите и потрошувачката поттикната од растот на куповната моќ, според проекциите на Светска банка. СБ предвидува дека вкупниот економски раст на Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Македонија, Србија и Црна Гора ќе достигне 3.7% во 2025 година, што претставува нагорна корекција од 0.2 процентни поени во однос на пролетното издание на овој извештај.

Бидејќи речиси четвртина од граѓаните на земјите од Западен Балкан моментално живеат во странство, подоброто управување со глобалната работна сила од Западен Балкан може да биде клучен двигател на економскиот развој во овој регион, според СБ.

Иако емиграцијата може да доведе до предизвици како што е недостигот на работна сила, исто така постојат јасни можности за искористување на миграцијата за економски придобивки. Според извештајот, со соодветно управување, миграцијата може да ја намали сиромаштијата (преку дознаките), да го поттикне извозот и да привлече инвестиции, што на крајот води до отворање работни места и трансфер на знаење (со враќањето на мигрантите кои стекнале напредни вештини во странство).



# „Тејст атлас“ објави листа на 34 најдобри македонски јадења: Зелник, ајвар, сарма, џимиринки...



Реномираниот сајт за храна и гурмани „Тејст атлас“ (Taste Atlas), објави листа од 34 најдобри македонски јадења. Рангирањето на храната на „Тејст атлас“ се заснова на оценките на публиката на оваа реномирана веб-страница, со низа механизми кои препознаваат вистински корисници.

На прво место го рангирале надалеку познатиот македонски специјалитет – зелник. Тоа е традиционална македонска пита која може да се наполни со различни состојки како што се сирење, спанаќ, јајца, месо, праз или зелка. Зелникот е најдобар кога се служи топол, а се препорачува да се комбинира со чаша јогурт, на овој начин го опиша „Тејст атлас“.

На второ место е омилениот македонски намаз, односно зимница – ајварот. Ајварот не е само омилено јадење кај нас, туку и во целиот свет.

„Тејст атлас“ пишува за ајварот, „овој традиционален вкус од пиперки и модар патлиџан е еден од најпопуларните зачини низ целиот Балкан и Источна Европа. Најценетиот вид ајвар често е македонскиот, кој се прави само со црвени пиперки. Иако неговото потекло често се оспорува, се вели дека името ајвар потекнува од турскиот збор havyar, што значи кавијар.

На трето место се најде нејзиното височество – сармата.

Вака изгледа списокот на 34 најдобри македонски јадења според „Тејст атлас“:

1. Зелник
2. Ајвар
3. Сарма
4. Лутеница
5. Пинџур
6. Таратур
7. Мазник
8. Тавче гравче
9. Малиџано
10. Полнети пиперки
11. Качамак
12. Џимиринки
13. Компир манџа
14. Светиниколска пастрмајлија
15. Чорба од коприва
16. Крушевско грне
17. Јогуртли тава
18. Шарпланински овчи кашкавал
19. Макало
20. Селско месо
21. Турлитава
22. Мекици
23. Крушевски локум
24. Ќозињак (милиброт)
25. Ѓомлезе
26. Слатко од диви смокви
27. Ширден
28. Симит-погача
29. Охридска торта
30. Чомлек
31. Кукурек
32. Ајдучка плескавица
33. Циронка
34. Лапа (сутлијаш)

Инаку, „Тејст атлас“ го избра македонскиот ајвар за најдобро мезе во светот за 2023 година.

За списокот „Топ 34 македонска храна“ до 16 октомври 2024 година евидентирани се 2.499 оценки.Целта на рангирањето на „Тејст атлас“ е да промовира одлична локална храна, да влее гордост на традиционалните јадења и да разбуди љубопитност за јадењата што не сте ги пробале.



# Министер за здравство призна дека вакцината против Ковид е причина за зголемување на срцевите проблеми и хоспитализацијата

Во искрено интервју со радио водителот **Бен Фордам**, министерот за здравство на *Нов Јужен Велс*, **Рајан Парк**, отстапи од вообичаениот став на владата, за првпат признавајќи ја врската меѓу вакцините против Ковид-19 и зголемениот број хоспитализации и проблеми со срцето помеѓу вакцинираните во *Австралија*.

Се досега, здравствените официјални лица најчесто го следеа сценариото на големите фармацевски компании, отфрлајќи ја загриженоста поврзана со прашања околу вакцините и покрај растечките извештаи за ретки и тешки здравствени проблеми ширум светот.

**Парк** признал „нема сомнение, некои луѓе се јавиле кај доктори на „итните одделенија" за болки во градите по примената вакцина. Неговото признание следи по податоците од *Нов Зеланд* и *Австралија* кои покажуваат нагло зголемување на хоспитализирањата и срцеви проблеми по воведувањето на мРНА вакцините и намалувањето на просечниот живот.



Неодамна, официјалната статистика на *Нов Зеланд* открила десеткратно зголемување на случаи на болки во градите кај лица помлади од 40 години, тренд кој не почнал за време на пандемијата, туку по воведувањето на мРНА вакцините.

Овие алармантни податоци ги поттикна домашните медиуми да побараат слични информации од здравствени власти. Резултатите биле шокантни: ист тренд на хоспитализација и болки во градите бил откриен во *Нов Јужен Велс, Викторија* и *Квинсленд*.

За време на интервјуто на радио *2GB Сиднеј*, *Парк* се обидел да ја намали важноста на овој проблем, сугерирајќи дека инфекцијата со Ковид - 19 претставувала поголем ризик од вакцината.

Меѓутоа, **Фордам** брзо ја отфрли неговата пропаганда и истакна за растот на инцидентите со болки во градите во *Австралија*, исто така, почнал после пандемијата предизвикана од коронавирусот, паралелно со вакцинацијата.

Последиците од овие наоди не можат да се потценат. Доктор **Гај Хачард**, експерт за јавно здравје од *Нов Зеланд*, нагласи за наративот кој го промовираат здравствените власти во медиумите, дека инфекцијата од Ковид-19 е примарна причина за срцевите проблеми и ненадејни смртни случаи кај млади луѓе е лажна и треба итно да се поправи.

Оваа заблуда е особено загрижувачка ако се земе предвид евидентираното зголемување на кардиоваскуларни инциденти по воведувањето




Др. Сузана Котевска
СПЕЦИЈАЛИСТ ГИНЕКОЛОГ - АКУШЕР
ВИ ГИ НУДИ СЛЕДНИТЕ УСЛУГИ И СОВЕТИ
- Водење на бременост, прегледи и породување
- Гинеколошки операции
- Гинеколошки прегледи и совети за болни менструации
- Лекување на стерилитет
- Пап тест
- Климактерични тегоби
- Совети за контрацепција
- Проблеми со бешиката

ЗАДОЛЖИТЕЛЕН Е УПАТ ОД ВАШИОТ ФАМИЛИЈАРЕН ДОКТОР
Level 1, 117 / 320 Victoria Parade East Melbourne, 3002
Inside Epworth Freemasons Medical Centre
Tel: 9419 8333 Fax: 9415 9998
email: stelaobs@bigpond.com

на вакцината. Додека здравствените власти се борат со овие загрижувачки податоци, тоа покренува горки прашања за безбедноста и транспарентноста на вакцините против Ковид -19 и начинот на кој беше присилено населението во *Викторија* да ги прими вакцините.

Корелацијата меѓу вакцинацијата и зголемениот број извештаи за болки во градите бара нонатамошна истрага и отворен дијалог за потенцијалните несакани ефекти.

Со години, властите смртно се плашат од разговорите за вистинските последици од воведувањето на вакцините. Меѓутоа, изгледа сега почнуваме да гледаме знаци на промена. Како општество, можеби конечно дојдовме до точката каде што можеме да се вклучиме во отворен и искрен разговор за овие критични прашања.

# Австралија сега ја штити најголемата површина на океанот во светот



Министерката за животна средина **Тања Плибершек** изјави дека е *„горда што Австралија сега штити повеќе океани од која било друга земја во светот“* , после проширувањето на морските паркови што беше потпишано минатата недела. Благодарение на амбициозната владина иницијатива, спроведена во соработка со научниците, заштитеното подрачје се зголеми на повеќе од половина од океаните во *Австралија* (52%). На овој начин, *Австралија* всушност ја надмина целта за заштита на 30% од океаните кон кои целеше како дел од Договорот за природата на *Обединетите нации.* Со новото проширување на површината на заштитените океани, два оддалечени и изолирани морски резервати – на островите *Херд* и *Мекдоналд* – се зголемени за четири пати, односно за 310 илјади квадратни километри.

*„Од Големиот корален гребен до дивината под Антарктикот... Неколку места на планетата можат да се опишат како навистина недопрена дивина“*, рече **Плибершек**. *„Островот Херд и Островите Мекдоналд се такви места“.* Тие се карактеризираат со глечери и мочуришта, а згора на тоа, овие острови во *Индискиот Океан* се дом на единствените два активни вулкани во *Австралија*. Островите *Херд* и *Мекдоналд* се ненаселени со луѓе, но тие се дом на разновидна популација на пингвини, фоки и албатроси. Меѓу другите, делфини и китови пливаат во околните води. За да се официјализира одлуката, министерката ќе му ги предложи ажурираниот дизајн и границите на морските паркови на генералниот гувернер на *Австралија* за објавување, се вели во соопштението. Конференцијата на *Обединетите нации* за биолошка разновидност започнува во градот *Кали*, *Колумбија* на 21 октомври, а австралискиот исчекор во заштитата на океаните е позитивен пример за многу учесници.

*„Ова не е само голема победа за животната средина во Австралија, ова е голема победа за животната средина во светот“*, заклучи **Тања Плибершек**.


INJURED? ПОВРЕДЕНИ?

- ✓ TAC
- ✓ WorkCover
- ✓ Slips & Falls
- ✓ Superannuation TPD
- ✓ All Injury Claims
- ✓ Free First Appointment
- ✓ Speak Macedonian
- ✓ Over 25 years experience in Personal Injury Claims

- ✓ Сообраќајни повреди
- ✓ Повреди на работа
- ✓ Суперануација и траен инвалидитет
- ✓ Сите видови на повреди
- ✓ Првата средба е бесплатна
- ✓ Зборуваме Македонски
- ✓ Повеќе од 30 години искуство во областа за отштета од повреди

NO CLAIM NO FEE



JOHN DELLIOS & ASSOCIATES LAWYERS

183 High Street Thomastown Tel. (03) 9464 4000

# Мицкоски: Ако Преспанскиот договор беше „ремек-дело“ на европската дипломатија, зошто не го повториме за вештачкиот спор со Бугарија?



Ако Преспанскиот договор беше „ремек-дело“ на европската дипломатија, нешто што е, да речеме, „брилијантно“, зошто тогаш ова „ремек-дело“ не го повториме за изнаоѓање на конечно, трајно и одржливо решение за овој вештачки спор со Бугарија? Ова беше дел од обраќањето на премиерот Христијан Мицкоски од 20-иот Европски самит во Салцбург.

- Нашиов последен предлог е нешто што можеби изгледа конструктивно и прифатливо за сите. Секогаш се обидувам да зборувам со одреден јазик што може да биде разбран секаде, од Виена, не сфаќајте ме погрешно, кажа премиерот.

Истакна дека Бугарија досега не почитува 14 пресуди од Европскиот суд за човекови права за регистрирање на здружение на Македонците кои живеат на тие простори, додека бараат внес на Бугарите во македонскиот Устав, што, како што рече, покажува отсуство на волја за приближување на работите.

Дури и Бугарите да се внесат во Уставот, додаде Мицкоски, никој не гарантира дека за шест месеци потоа од Софија нема да се бара нешто дополнително.


Reg. No. A0042461G

AHAM BRIDGE OF HUMANITY

ABN 93 019 262 123

АХАМ ГАРАНТИРА ДЕКА ВАШИТЕ ИСПРАТЕНИ БОКСИ ЌЕ ИМ БИДАТ ЛИЧНО ПРЕДАДЕНИ НА ПРИМАЧИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ВО РОК ОД ТРИ МЕСЕЦИ ОТКАКО КОНТЕЈНЕРОТ ЌЕ ЗАМИНЕ ОД АВСТРАЛИЈА



Места каде се издаваат и примаат кутиите

**ВИКТОРИЈА**

Илија Јошевски Мечето 93673091, моб: 0418 396 256

Дијана Мицалевска Пупалевска 0414 743 117

**ЏИЛОНГ:** Коста 0401 550 841

**АЛТОНА:** Јован 9314 8585 ,0434 088 440

**АРДИА:** Милорад и Сенди 9363 3635

**БАНДУРА:** Филимена 9467 8027

**БОКС ХИЛ-РИНГВУД:** Гоце 0431 518 568

**ДАНДЕНОНГ:** Борката 9795 6305, 0411 767 613

**КИЛО-СЕНТ АЛБАНС:**
Ило Мечето 9367 3091, 0418 396 256

**ЕСЕНДОН – АВОНДАИЛ ХАЈТС:**
Целе Велјановски 9337 3931

**ЛАЈЛОР ЕПИНГ:**
Кинг Фреш Бурек 9401 4777,
Стојна и Панде 0481 184 038

**МЕЛТОН:**
Драги 0419 325 848

**ПРЕСТОН – НОРТКОТ:**
Валентина 0451 820 045

**ПРЕСТОН:** Аница 0409 416 273, Валентина 0451 820 045
Милка и Љупчо, Авио Травел 9471 4556, 9471 4559

**РЕЗЕРВО:** Ило 9460 7802, 0432 654 251

**СЕНТ АЛБАНС:**
Кинг Фреш Бурек -9364 3752, 0414 544 563

**ЏАРАВИЛ:** Трена 9687 4663

**НОВ ЈУЖЕН ВЕЛС**

**СИДНЕЈ:** Љупчо 0415 801 989

**АРНКЛИФ:** Горан 0414 597 595

**БЕНКСТАУН – ЏАГУНА:** Сашо 9707 1430,
0416 934 638, Џексон - 9793 0366, 0407 175 727

**КАНЛЕЈ ВАЛИ:** Илија 9754 2287

**РОКДАЕЛ:** ВМ Центури Травел 9587 5493

**КАНБЕРА – КВИНБИЈАН:** Душица 0404 149 965

**ВОЛОНГОНГ – ПОРТ КЕМБЛА:** Васко 0450 484 418

**ЈУЖНА АВСТРАЛИЈА**

**АДЕЛАИД:** Драго 08 8345 1381

**ЗАПАДНА АВСТРАЛИЈА**

**ПЕРТ:** Славе 08 9300 8342, 0419 997 719,
Ислам 9440 4038, 0433 214 874

**КВИНСЛЕНД**

**БРИЗБЕН:** Весна 0433 218 018, Невенка 0402 847 225

Добиената сметко-потврда е Tax Deductable, а ако ја пријавувате на вашата годишна такса


## ВЕЌЕ РАСПИШАНИТЕ ОГЛАСИ ЗА ВРАБОТУВАЊА ВО ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА ЌЕ СЕ ДОВРШАТ, НО БЕЗ БАЛАНСЕРОТ; ДРУГИТЕ СЕ „ПОД МРАЗ“ ДО НОВА ГОДИНА

Постапките за вработување во институциите во јавниот сектор ќе продолжат и ќе се довршат во согласност со законите кои важеа во моментот кога се распишани огласите за вработување, соопшти Министерството за јавната администрација. Откако ќе се адаптира софтверот без графата за етничка припадност, институциите ќе може да објавуваат огласи за вработувања во кои решавачки при изборот на кандидатите ќе биде знаењето, стручноста, компетенциите и квалитетот на лицето што се јавило на огласот. За адаптација на софтверот се проценува дека ќе бидат потребни 45-60 дена.

Минатиот месец Министерството ги сопре сите вработувања во јавната администрација откако Уставниот суд реши да ја испитува уставноста и законитоста на механизмот „балансер“, со кој се обезбедуваше процентуална застапеност на заедниците во вработувањата. Пред десетина дена Судот го укина „балансерот“, односно укина повеќе одредби од Законот за вработените во јавниот сектор во кои се споменува терминот „припадник на заедницата“.

Од Министерството за јавна администрација појаснуваат дека претходно распишаните огласи ќе се довршат, но во постапките нема да се применуваат укинатите законски одредби. Се работи за 25-30 огласи.

# Во Собранието не помина предлогот на Левица за ограничување на кириите



Во Собранието не помина дополнувањето на Законот за домување поднесен од пратеничката група на партијата Левица со кое требаше да се воведе максимален износ за кириите, односно нивно ограничување.

Левица ги поднесува овие измени по вторпат, но првпат во овој состав на Собранието. Се предлага воведување на максимална граница и тоа во износ од 3% од вредноста на станот, што би значело дека максималната вредност би била околу 250 евра.

– Сограѓаните кои мора да живеат под кирија претежно се студенти, самохрани родители и работници од внатрешноста. Леглата во студентските домови се преполовени, од 4.000 на 2.000 легла и токму поради тоа што студентите не можат да се вдомат во студентските домови ги бараат овие промени. Работниците од внатрешноста немаат алтернатива освен да патуваат, па видете што се случи минатата недела со трагичната сообраќајка на патот Скопје – Велес кога загинаа работници кои патуваа по небезбедни патишта. Со високите кирии што се сега, треба да даваат 80% од платата за кирии – рече пратеникот на Левица, Мециновиќ.

Зборувајќи за градежната експанзија од една страна и високите наемнини на празните станови, ги обвини политичките партии кои учествувале во власта низ годините дека ја поддржуваат урбаната мафија.

## Од кичевската болница исчезнал апарат за ехо  дониран во 2021

Во полицијата во Кичево било пријавено дека во Општата болница во градот недостига ехо-апарат. Се работи за апарат кој за време на ковид-пандемијата во 2021 година во болницата бил дониран од Министерството за здравство.

По се изгледа апаратот воопшто не бил ставен во функција, туку складиран на страна.

Од МВР велат дека преземаат мерки за расчистување на настанот.

## СЕКОЕ ТРЕТО ДЕТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ЖИВЕЕ ВО СИРОМАШТИЈА

Секое трето дете во Република Македонија живее во сиромаштија – ова го потврди извештајот на УНИЦЕФ којшто беше објавен по повод 17 октомври – Меѓународен ден за борба против сиромаштијата.

Извештајот содржи фрапантни податоци, огромен број на деца во државата се без здравствена заштита, топол оброк, обувки и облека.




# Биолошка терапија има само за 24 отсто од пациентите на Онкологија!?




Министерот Таравари објави дека со децентрализација на Онкологија (во повеќе амбуланти низ земјата) ќе го намалува притисокот на Клиниката.

- Ние веќе започнаваме со децентрализација на Онкологија. Се работи во болницата „8 Септември" во Скопје. Одреден кадар веќе се обучува тука на Онкологија и целта ни е да направиме мрежа што ќе биде контролирана од Клиниката за онкологија. Значи во „8 Септември", веќе се надевам за месец ипол ќе почне и таму да се даваат терапии. Во Тетово веќе се дава, во Битола се дава, во Штип се дава онколошка терапија, појасни Таравари.

Вкупно 35 доктори и 96 медицински персонал се грижат за речиси сите заболени од рак во државата. Директорот на Клиниката вели дека Онкологија има приоритет за нови вработувања. Во тек се процедурите да се примат медицински сестри, лекари, техничари и радиолози.

Државниот завод за ревизија нотираше катастрофално работење на Клиниката за онкологија во 2023 година. Клучен проблем е немањето кадар, потоа биолошка терапија нема за сите пациенти, туку само за 24 отсто од нив. Во извештајот се вели дека и понатаму има недостиг од терапијата и протокол за нејзино давање.




## Во Србија се зголемува бројот на ученици за македонски

Од 2012 година кога во основното училиште „Гоце Делчев" во Јабука се запишаа првите пет македонски ученици да го изучуваат изборниот предмет Македонски јазик со елементи на националната култура, до денес нивниот број е зголемен на над 300 запишани деца во 10 училишта во девет населени места ширум Србија, јави дописникот на МИА од Белград.

- Многу е битно учениците да го изучуваат македонскиот јазик, да ја изучуваат националната култура бидејќи така се чува идентитеот, традицијата и нитката со македонската држава, изјави претседателката на Македонскиот национален совет на македонското национално малцинство во Србија, Зорица Митровиќ.

Таа посочи и дека се соочуваат и со проблеми.

- Ни фалат учебници што ги обезбедува Р.Србија и ни е потребна поголема институционална подршка од Македонија, и во вид на учебници, како и на наставни помогала и дополнителни средства за да можат наставниците поквалитетно да ја изведуваат наставата, изјави претседателката на Македонскиот национален совет, чија законска обврска е и образованието на Македонците во Србија.

Директорката на ОУ „Бора Станковиќ" од Богоевац, општина Лесковац, Татјана Гавриловиќ изјави дека во нејзиното училише македонскиот јазик го учат 70 ученици во 9 групи, од прво до четврто одделение. Изборниот предмет Македонски јазик со елементи на националната култура во Србија се учи во основните училишта во Јабука, Пландиште, Качарево, Богојевце, Гудурица, Хајдучица, во Нови Сад, Вршац и најмногу во Лесковац, каде 122 деца го учат овој предмет во две училишта.

# Министерот Ричард Марлс ја посети македонската заедница во Џилонг



Минатава седмица **Ричард Марлс**, федерален министер за одбрана кој е и заменик прајминистер на *Австралија*, ја посети Македонската заедница во *Џилонг*. Причината беше да ја разгледа реставрацијата и заменувањето на покривот на *Македонскиот центар на заедницата*. Овој проект се извршува благодарение на инфраструктурниот грант од Федералната влада и грантот за обновување на инфраструктурата од владата на *Викторија*. Министерот **Марлс**, дента имаше можност да се дружи со управата и членовите на *МПЦ "Свети Јован Крстител"*. Тој за многумина од нашата заедница е добро познат бидејќи е роден и израснат во *Џилонг*, и е претставник за изборната единица *Корајо*.



## Соопштение

Селското социјално друштво *Будимерци (Св. Никола)*, ги известува сите членови дека славата *"Петков ден"* ќе се одржи на 26 октомври во *Ферарo рецепција* која се наоѓа на *14 Onslow Ave Campbellfield* со почеток во 18 часот. За карти и информации јавете се кај: **Косте** на тел: **0431 360 291**, **Ило** на тел: **0423 774 147** или **Ристе** на тел: **0432 789 698**





# Правобранител од Охрид лажно се претставувал како адвокат и застапувал странки пред судот

*СВР Охрид* поднесе кривична пријава против **Агрон Речи** (40) од *Охрид* поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело *„лажно претставување"*.

Пријавениот, иако адвокатската функција му била ставена во мирување поради тоа што бил правобранител, сепак во три наврати застапувал странки во постапки пред надлежен суд како адвокат!?

Државниот правобранител за *Охрид* **Агрон Речи** негира и во своето објаснување до јавноста ја презентира хронологијата на настаните: именуван бил за Државен правобранител на 10 ноември 2020, а неговото решение било објавено во Службен весник на 14 декември 2020 година. Според законската процедура, тој дал свечена изјава на 15 декември, по што формално ја презел функцијата на 17 декември 2020 година. Наводите од кривичната пријава се однесуваат на негови активности како адвокат, кои, според него, биле преземени на 10 декември 2020 година, пред тој формално да ја прифати функцијата како државен правобранител. Тој истакнува дека во тој период сѐ уште не го примил решението за именување и не бил обврзан со правилата на функцијата. Затоа поставува прашање до Владата: дали било кој функционер именуван од Владата започнал со работа пред формално да го прими решението и пред да даде свечена изјава?

# Приведени 13 лица за организирање проституција и трговија со дрога во Тетовско и во Охрид, пронајдени 35 девојки



Полицијата изврши рации во угостителски објекти во селата *Жеровјане*, *Горно Седларце* и во *Охрид*. Пронајдени се 35 девојки по потекло од *Украина, Русија, Македонија, Србија, Молдавија, Албанија* и *Колумбија*. Направени се претреси на 17 локции во *Тетовско* и *Охридско* при што се уапсени 13 лица, а едно лице е во бегство.

Се работи за разбивање на криминална група која се занимавала со посредување во вршење проституција и недозволена трговија со дрога. На нејзиното чело бил 35-годишник од селото *Боговиње*, кој ги организирал и координирал криминалните активности на другите припадници на групата во.

Дел од криминалната група биле и две службени лица - затворски службеник од Затворот во *Тетово* и полицаец – виш инспектор од *Тетово* кои користејќи ја својата позиција и контактите, ја предупредувале групата за полициски акции, а вршеле влијание и за олеснување на прекршочните постапки кон групата и кон странските државјанки.


# "Успение на Пресвета Богородица" - Сиденхам



Свештеникот, протерej ставрофор **Ефтим Бетински** ќе биде достапен во црквата *"Успение на Пресвета Богородица"* секој ден од понеделник до петок, од 10:00 до 15:00 часот, Моб: **0499 007 574** или email: *betinski_e@yahoo.com*

Неделната богослужба е од 9:00 часот.

*Macedonian Australian Orthodox Church «Uspenie na Presveta Bogorodica - St. Mary'' Western Region inc.- 340 Sydenham Road Sydenham Vic 3037*



## КРСТЕ ПЕТКОВ МИСИРКОВ

# „Милоста кон родниот јазик е наш долг и наше право“



Во саботата 19ти октомври 2024 година, во просториите на саботното училиште *Килор Даунс* во *Мелбурн*, се одржа годинешната приредба по македонски јазик. Приредбата започна со цитат на академик **Блаже Конески**:

*„Послушајте Македонци!*





*Јазикот е единствената наша татковина. Се' додека го чуваме, го негуваме, го вардиме, го гледаме јазикот наш македонски - ќе може да сметаме дека ја имаме и татковината. Како куќа, како дом, како огниште*“. Овогодинешната приредба беше раскажување на приказна за македонскиот печалбар и неговиот тежок пат од *Македонија* до *Австралија*, и негово враќање повторно во *Македонија*, испреплетена со песни, рецитации, перформанси, оро и драматизации. Наратор на оваа приказна беше ученичката од 12-та година, **Натали Јовановска** која ја најави приказната со следниве зборови:

*„Денешнава приказна ја раскажува печалбарската сага и страдањата на Македонците за време на многубројните војни кои се случувале во текот на историјата. Оваа приказна е индивидуална, приказна за една изгубена генерација која ја изразува колективната болка и борба за слобода на Македонија.“*

На присутните им се обрати координаторката на македонската програма во овој центар **Весна Дамчевска**, која со краток говор им се заблагодари на гостите за нивното присуство а на родителите за нивната беспрекорна поддршка. Посебно им се обрати на учениците и им се заблагодари за нивната посветеност и љубов кон изучувањето на македонскиот ја-

## МКУД Светлост

*МКУД Светлост* е едно од најстарите друштва на заедницата во *Австралија*, и сака да упати покана до поранешните играорци, кореографи и членови на управата да присуствуваат на заедничка средба во петок, на 25 октомври 2024 година. Настанот се одржува во *The Barkley Hotel* на адреса *92 Burgundy Street Heidelberg.* Вечерта ќе биде прослава и признание за нашите минати и сегашни членови додека работиме на нашата комеморативна прослава за 2025 година по повод 65-годишнината на *МКУД Светлост.* Цената на картите е $50 и вклучува коктел храна, пиво, вино и безалкохолни пијалоци. Билетите може да се купат преку интернет на следниот линк: *https://https://www.trybooking.com/events/landing/1301452*

За повеќе информации контактирајте со **Злате** на Моб: **0409 056 643** или *mkudsvetlost@outlook.com*





зик.

*„Драги наши ученици, ви изразувам голема благодарност за вашата посветеност и напор во изучувањето на македонскиот јазик во Австралија. Вашата решителност и страст за учење го одржуваат нашиот прекрасен македонски јазик жив. Вие сте малите амбасадори на нашата прекрасна татковина Македонија. Вие сте мостовите што ги поврзуваат генерациите и двете култури. Продолжете да се стремите и да го негувате македонскиот јазик со гордост и бидете горди Македонци. Ние, наставниците се гордееме со вас, исто како и вашите родители и баби и дедовци, а исто така и нашата татковина Македонија."* – истакнаа таа во нејзиното обраќање. Во овој дел, наставничката **Весна Дамчевска** им ги додели сертификатите од *Викториското Училиште за Јазици* на учениците од 12-та година и им посака да продолжат гордо и смело да чекорат по патот на успехот. Таа исто така додели сертификати на оние ученици кои се истакнаа со својата работа и посветеност оваа година. Првиот сертификат беше доделен за учество во заедницата и културни активности. Оваа награда и беше доделена на ученичката од 12-та година, **Тиана Степановски**.

Втората награда беше доделена за одлични достигнувања во сите четири компоненти од македонскиот јазик на ученичка од 12-та година, **Миа Гајич**. Две ученички од 12-та година и еден ученик од 11-та година ги добија наградите за одлично присуство во текот на 2024 година. Тие ученици беа **Миа Гајич, Натали Јовановска** и **Денис Наловски**. Овие тројца ученика не отсуствуваа ниту еден час од наставата по македонски јазик, што е доказ за нивната посветеност и љубов кон македонскиот јазик и култура.

Концертната сала беше исполнета до последното место со родители, баби и дедовци и гости. Специјален гостин на овогодишната приредба беше новата конзулка во македонскиот конзулат во *Мелбурн*, г-ѓа **Елена Брајковска**. Таа со краток говор ги поздрави присутните и им го честита успехот на учениците постигнат во оваа учебна година и гоистакна значењето на изучување на македонскиот јазик. На присутните им се обрати и надзорникот на овој центар, **Сарино Принзи** кој ја истакна важноста од изучувањето на мајчиниот јазик и можностите за поврзување на учениците со нивното потекло и корени. Учениците беа предводени и припремени од нивните вредни наставнички, **Мирјана Стојчевска, Гордана Димовска, Анета Ристевска, Соња Енџекова-Сопотска, Сања Бошевска, Весна Дамчевска** и помошната наставничка **Славица Филиповска- Дамјановска**.

Овој ден, беше ден за паметење, кој ќе остане длабоко врежан во срцата на сите присутни, но најмногу на учениците по македонски јазик.

*Викториското Училиште за Јазици* ќе ги отвори уписите за следната учебна година во ноември. Заинтересираните можат да ги запишат своите деца и внуци на нивната веб *страница www.vsl.vic.edu.au.*

**В. Дамчевска**

# Ирска планира да ја ограничи трговијата со Израел – нема да чека остатокот од Европа да преземе мерки



*Ирска* нема да чека остатокот од *Европа* да воведе ограничувања во трговијата со *Израел* поради окупацијата на палестинските територии, изјави ирскиот премиер **Сајмон Харис**. Тој најави дека неговата влада следната недела очекува правен совет дали може да воведе сопствени рестриктивни мерки.

*„Ирска нема да чека цела Европа да дејствува во трговијата со окупираните палестински територии“*, им рече **Харис** на новинарите пред самитот на лидерите на *ЕУ* и *Персискиот залив*. **Харис** истакна дека неговата влада ќе добие официјален правен совет од јавниот обвинител за можностите за дејствување во оваа област. Тој исто така нагласи дека *Европа* „се уште не ги искористила сите достапни чекори“ за да постигне прекин на огнот во *Газа*.

*Ирска*, која заедно со *Шпанија* е еден од најострите критичари на воените акции на *Израел*, уште во август објави дека ќе побара правно мислење за можноста за независно разгледување на трговските врски со *Израел*. Оваа одлука доаѓа откако *Меѓународниот суд на правдата (МСП)* објави мислење дека израелската окупација на палестинските територии е спротивна на меѓународното право. Изјавите дополнително го истакнаа недостатокот на единство меѓу земјите на *ЕУ* за справување со кризата на *Блискиот Исток*, која дополнително ескалира кога израелските сили ги ранија мировниците на *Обединетите нации* стационирани во јужен *Либан*. Шпанскиот премиер **Педро Санчез** ја повика Европската комисија да заземе став за можноста за суспендирање на Договорот за асоцијација на *Европската унија* со *Израел* поради загриженоста дека *Израел* ги прекршил обврските за човековите права вградени во договорот. Одговарајќи на ова, шефот за надворешни работи на *ЕУ* во заминување, **Жозеп Борел**, рече дека ова прашање ќе го стави на дневен ред на следниот состанок на министрите за надворешни работи на *ЕУ*.



### СИ И ПУТИН:

# Светот е во Хаос, нѐ чекаат промени какви што не се видени сто години

Кинескиот претседател **Си Ҷинпинг** му кажа на рускиот колега **Владимир Путин** дека меѓународната ситуација е во хаос, но дека стратегиското партнерство на *Пекинг* и *Москва* е сила на стабилноста во време на најзначајните промени видени во последниот век. **Си** и **Путин** во мај ветија нова ера на партнерството меѓу двата моќни ривали на *Соединетите Американски Држави*, а *Вашингтон* го прогласија за агресивен моќник заглавен во Студената војна кој сее хаос низ светот.



*„Во моментов светот минува низ промени кои не се видени во последните стотина години, меѓународната ситуација е испреплетена со хаос“*, му кажа **Си** на **Путин** во рускиот град *Казањ* на отворањето на самитот на *БРИКС*, групата која ја предводат *Кина, Русија, Бразил, Индија* и *Јужноафриканската Република*. *„Но цврсто верувам дека пријателството на Кина и Русија ќе продолжи со генерации и дека одговорноста на тие големи земји кон своите граѓани нема да се смени“*.

*Русија*, која води војна во *Украина*, и *Кина*, на чија растечка воена и економска сила се обидува да ѝ се спротивстави *Вашингтон*, сѐ повеќе наоѓаат заеднички геополитички цели.

*САД* ја сметаат *Кина* за свој најголем ривал, а *Русија* за најголема државна закана. Американскиот претседател **Џо Бајден** оцени дека *„демократиите се соочуваат со предизвикот од автократиите како Русија и Кина“*.

**Бајден** го нарече кинескиот лидер **Си** „диктатор“ и кажа дека рускиот претседател **Путин** е „убиец“. **Путин** сега го нарече **Си** „свој драг пријател“ и истакна дека партнерството со *Кина* е сила на стабилност во светот.

*„Руско-кинеската соработка во светските прашања е еден од главните стабилизирачки фактори на светската арена“*, кажа **Путин**. *„Планираме дополнително да ја подобриме координацијата на сите мултилатерални платформи за да обезбедиме глобална сигурност и праведен светски поредок“*.


ДИГИТАЛНО ИЗДАНИЕ НА TODAY - ДЕНЕС
БЕСПЛАТНО СЕКОЈ ПЕТОК




ВО ОВА ВРЕМЕ НА БРЗИ ПРОМЕНИ, БИДЕТЕ ИНФОРМИРАНИ СО ВЕСТИ И ИНФОРМАЦИИ ОД ЗАЕДНИЦАТА ШТО ВИ СЕ ПОТРЕБНИ.

Пријавувањето е лесно за да добивате дигитален пристап бесплатно... Посетете ја интернет страницата www.australianmacedonian.com.au и пополнете ги вашите детали со име презиме и email адреса на која ќе ви стигнува дигиталното издание

БЕЗ ЛИМИТ ПОНУДА

Автоматски можете да го гледате на компјутер, таблет и мобилен телефон, каде било, во кое било време и на кој било уред. Австралиско Македонски Денес се објавува секој петок, одржувајќи традиција на независно новинарство, откако е основан во 1991 година. Со висок стандард на содржина и презентација привлекува широк спектар на читатели од сите возрасти.

# ГЛАСАЈТЕ ЗА БРОЈ 1

## на изборите за Совет на Brimbank City во октомври 2024, DELAHEY WARD

# ANGELINA GREENWOOD



### Таа е:

- Сопруга и мајка на две малолетни деца.
- Страстен застапник за напредок и да биде глас на заедницата.
- Поттикната да ги поддржува и да ги застапува интересите на жителите и на даночните обврзници.
- Има македонско потекло, израсната со етика и почит за чесната работа.

### Мојата визија за Delahey:

- Унапредување на локалните паркови, зелените површини и поставената опрема на игралиштата.
- Подобри спортски објекти, патеки за пешачење и опрема за фитнес.
- Зголемено одржување на дрвјата и косење на тревата, давање приоритет на развојот на Delahey Ward.
- Позначајни иницијативи за одржливост и подобро управување со отпадот.
- Посигурни патишта, подобри паркиралишта и улично осветлување.
- Повеќе поддршка за оние кои се борат со ментално здравје, некаква неспособност и нивните негуватели.

**Свеж старт за Delahey**

# ИЗЛЕЗЕ НОВОТО ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ НА АВСТРАЛИСКО МАКЕДОНСКИ НЕДЕЛНИК


www.australianmacedonian.com.au

AUSTRALIAN MACEDONIAN WEEKLY

*Австралиско* Македонски* Неделник*

Edition No. 1837 Year 37 • Tuesday, 22 October 2024 • Price $4.00 inc GST


Патувајте во Македонија и секаде во светот
A AVIO TRAVEL Lic. No 32481
335 High St. Preston
03/ 9471 4556
03/ 9471 4559
mobile
0401 686 970
Зборувајте со професионални агенти


МИНИСТЕР ЗА ЗДРАВСТВО ПРИЗНА ДЕКА ВАКЦИНАТА ПРОТИВ КОВИД Е ПРИЧИНА ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА СРЦЕВИТЕ ПРОБЛЕМИ И ХОСПИТАЛИЗАЦИЈАТА

ВО ЏИЛОНГ

СИДНЕЈ

ПРЕЧЕК ЗА МОНАРХОТ

ГОДИНЕШНА ПРИРЕДБА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ВО КИЛОР ДАУНС ВО МЕЛБУРН

МИНИСТЕРОТ РИЧАРД МАРЛС ЈА ПОСЕТИ МАКЕДОНСКАТА ЗАЕДНИЦА

МИЦКОСКИ: ПРУГА КОН БУГАРИЈА НЕМА ДА ГРАДИМЕ СÈ ДОДЕКА БУГАРИТЕ НЕ СИ ГО ЗАВРШАТ СВОЈОТ ДЕЛ

КРСТЕ ПЕТКОВ МИСИРКОВ „МИЛОСТА КОН РОДНИОТ ЈАЗИК Е НАШ ДОЛГ И НАШЕ ПРАВО“

СВЕДОЧЕШЕ МАЈКАТА НА ВАЊА: „АЛЕКСАНДАР ВЕДНАШ ТВРДЕШЕ ДЕКА Е КИДНАПИРАНА“


БЕЗ ПОБЕДА, НЕМА НАПЛАТА

arnold thomas & becker lawyers

НИЕ СМЕ АДВОКАТСКА ФИРМА СО ЕКСПЕРТИ ЗА:
- сообраќајни повреди / TAC
- повреди на работно место / workcover
- побарувања од медицинска небрижност
- побарувања за повреда при раѓање
- побарувања за оштета од азбестос
- повреди на јавно место
- повреди работници на државни места /Comcare Claims
- Суперануација / неспособност за работа

За проблемите што ги имате околу повреди на работно место зборувајте со ТОНИ ШИШКОВСКИ на македонски јазик на (03) 9614 1433

Tony Siskovski
Director


# АФИРМИРАТОР НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК, КУЛТУРА И ТРАДИЦИЈА

СЕКОЈ ВТОРНИК ВО ВАШАТА НАЈБЛИСКА ПРОДАВНИЦА ЗА ВЕСНИЦИ

# ПМФЛ: Силекс со лекција за шампионот, Беса ја продлабочи кризата на Вардар

Фудбалерите на Силекс му одржаа лекција на шампионот Струга Трим Љум во 10. коло во Првата македонска лига. Клубот од Кратово како гостин ги разби избраниците на Османи со 4:1. Интересно е тоа што сите погодоци паднаа во вториот дел и тоа по 60 минута, па така Алиќ стрелаше за Силекс, Радиќ во 75 израмни на 1:1 за да потоа четата на Васоски да реализира уште трипати преку Маронг, Игнатов и Ѓоргиевски.

Лидерот Работнички продолжи со одличните изданија и „го реши" и Гостивар со 1:0. Клучниот момент на средбата која се играше на националната арена „Тодор Проески" се случи во првиот дел кога Мазари ја смести топката на посакуваното место.

Вардар го претрпе четвртиот пораз во низа во шампионатот, овојпат на мечот со Беса. Беса славеше со 2:1 во дуелот во кој Есати и Фетаи погодија за домаќинот, а Омерагиќ реализираше на спротивната страна.

## ПРВА МАКЕДОНСКА ФУДБАЛСКА ЛИГА

Резултати 10. коло

| | |
|---|---|
| ТИКВЕШ – ШКЕНДИЈА | 0:0 |
| СТРУГА ТЛ – СИЛЕКС | 1:4 |
| БЕСА – ВАРДАР | 2:1 |
| РАБОТНИЧКИ – ГОСТИВАР | 1:0 |
| АП БРЕРА – ВОСКА СПОРТ | 1:1 |
| ПЕЛИСТЕР – ШКУПИ | 0:0 |

| | меч. | поб. | нер. | пор. | бод. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Работнички | 10 | 6 | 4 | 0 | 22 |
| 2. Шкендија | 10 | 5 | 4 | 1 | 19 |
| 3. Силекс | 10 | 5 | 2 | 3 | 17 |
| 4. Гостивар | 10 | 4 | 5 | 1 | 17 |
| 5. Струга ТЉ | 10 | 4 | 3 | 3 | 15 |
| 6. Шкупи | 10 | 3 | 4 | 3 | 13 |
| 7. Брера С | 10 | 3 | 3 | 4 | 12 |
| 8. Беса | 10 | 3 | 3 | 4 | 12 |
| 9. Пелистер | 10 | 2 | 5 | 3 | 11 |
| 10. Тиквеш | 10 | 1 | 5 | 4 | 8 |
| 11. Вардар | 10 | 2 | 1 | 7 | 7 |
| 12. Воска спорт | 10 | 1 | 3 | 6 | 6 |



## ЃОРЕ ЈОВАНОВСКИ Е НОВ ТРЕНЕР НА ВАРДАРСКИ



По поразот од Беласица екипата на Вардарски од Богданци остана без тренер. Доскорашниот Васе Беќаров си поднесе оставка а на негово место веќе е поставен искусниот Ѓоре Јовановски. Јовановски во минатото работеше во многу прволигашки клубови, беше кратко и селектор на националниот тим. Последен ангажман на Јовановски во македонскиот шампионат, му беше во 2022 година кога го водеше тимот на Кожуф. Претходно беше дел од Беласица, Работнички, Брегалница, Шкендија, ЦСКА Софија, Металург, Милано, Самсунспор, Слога Југомагнат и Вардар.

MILE UNCEVSKI FUNERAL SERVICES
Прва македонска погребна канцеларија во Австралија



Зборувајте со Миле Унчевски на 02 9502 3205

Миле Унчевски ги разбира македонските православни обичаи и погреби, тој е тука да ви помогне во најтешките моменти. Повеќе од 9 години Миле со неговата погребна компанија помага во најтешките моменти. За денот на погребот можеме да ви обезбедиме крпи, литургија, пченица.

Организираме погреби од Австралија во Македонија и обратно, доколку некој покоен имал желба да биде погребан во Македонија или во Австралија.

Serving the Macedonian Orthodox Community 24 Hours/7 Days

403 Forest Road, Bexley NSW 2207
Tel: 02 9502 3205, Fax: 02 9554 9735

# Миовски и Џирона со историска ноќ во Лигата на шампионите



Македонскиот репрезентативец Бојан Миовски и неговата Џирона имаа историска вечер во Лигата на шампионите во која ја впишаа првата победа преку дебитантот Слован Братислава (2:0).

Центарфорот на Македонија тргна од клупата за резерви, но заради повреда на неговиот соиграч Мартин се најде на терен во 24. минута. Слован одолеваше на нападите во Каталонија до 42. минута, кога Гутиерез го скрши мразот по асистенција на Данџума и акција која претходно ја започна Миовски.

По паузата следеше погодок на Хуанпе во 73. минута од слободен удар. Во финишот триумфот на Џирона можеше да биде поубедлив, ама Стуани наместо Миовски доби шанса да шутира пенал, но и тој не успеа како македонскиот напаѓач на претходниот меч со Феенорд.

Џирона во следното коло гостува кај ПСВ Ајндховен, додека дебитантот Слован ќе му биде домаќин на Динамо Загреб.

# Турски Бразилец е новиот тренер на Гостивар




Гостивар го назначи турско-бразилскиот тренер Мерт Нобре за нов шеф на стручниот штаб. Првично како Марсио Нобре, потоа го смени презимето во Мерт, откако доби турски пасош во 2006 година. Нобре ќе го замени Муарем Муарем, кој поднесе оставка од функцијата.

Нобре играше за Фенербахче и за Бешикташ, а потоа настапуваше и за Кајзериспор, Мерсин, Ерзумспор и Генчлебирлиги. Беше дел и од Крузеиро и Парана во својот роден Бразил.

Неговата тренерска кариера почнува во 2019 година, главно како помошник во Беледијеспор, Хатајспор, Алтај, а кратко минува и како прв тренер во Генчерлбирлиги, Алтај и Чорум.

Амбициите оваа година за Гостивар се високи, дури и напад на шампионската титула.



# Вардар загуби од Порто и направи чекор назад кон следната фаза во Лигата на Европа



Ракометарите на двократниот европски шампион Вардар го забележаа и вториот пораз сезонава во Лигата на Европа, откако на домашен терен загубија од Порто со 22:26.

Натпреварот почна со многу грешки на двете страни и изгубени топки, па по три минути игра на семафорот се уште стоеја почетните 0:0. Првиот гол во натпреварот го постигна Гоце Георгиевски на стартот на четвртата минута за почетно водство на македонскиот вицешампион (1:0).

Вардарци го добија првото полувреме со позитива од два гола (12:10). Но по само три минути игра во второто полувреме резултатската клацкалка преваגна на страната на Порто. Од тој момент Вардарци беа тие кои го бркаа резултатот и на крајот загубија со 4 гола разлика.

Михел Родригез со четири гола беше прво име кај Вардар, додека кај Португалците Диого Оливеира постигна седум гола.

# Белгиски фудбалер остана без прсти во обид да отстрани факел од теренот




Играчот на белгискиот четвртолигаш Менен, Фабио Скиафино, доживеал вистинска трагедија на последниот меч против тимот на Зелбеке, кој Менен го добил со убедливи 4:0.

Навивачите фрлиле факел на теренот, а Скиафино се обидел да го отстрани од полето, но во тој момент истиот експлодирал и му нанел сериозна повреда од која останал без еден прст на раката, а уште два се делумно откинати.

- Кога чадот се расчисти, забележав дека дел од моите прсти ги нема, изјави играчот.

Да биде ситуацијата уште побизарна, инцидентот се случил токму на роденденот на Скафино, а повредениот фудбалер веднаш бил пренесен во болница во Бриж, каде му била извршена операција на раката.

21-годишниот навивач кој го фрлил факелот е приведен па пуштен, но против него ќе биде поднесена кривична пријава, а воедно ќе добие и неколкугодишна забрана за влез на фудбалските стадиони.

A AVIO TRAVEL Lic. No. 32481
335 High St. Preston
03/ 9471 4556
03/ 9471 4559
mobile:
0401 686 970
AVIO TRAVEL
ВИ ГО НУДИ СВЕТОТ НА ДЛАНКА
ПАТУВАЈТЕ ВО МАКЕДОНИЈА И СЕКАДЕ ВО СВЕТОТ!
ЕВТИНО • УДОБНО • СИГУРНО • ВЕ ОЧЕКУВАМЕ • НЕ ЧЕКАЈТЕ, ЈАВЕТЕ СЕ УШТЕ ДЕНЕС ДА СИ ОБЕЗБЕДИТЕ МЕСТО ЗА УТРЕ!
За повеќе информации зборувајте на македонски со Милка Секуловска!
LIC. NO. 32481
335 HIGH STREET, PRESTON, VIC. PH.: 03/9471 4559, 03/9471 4556 MOB: 0401 686 970



Australian Macedonian TODAY
Австралиска Македонски ДЕНЕС
22
СПОРТ
ISSN 1442-195X
9 771442 195005

# ОКЛАНД – БРИЗБЕН РОАР 2:0



Почетокот на новата сезона на А–лигата со посебна радост го дочекаа симпатизерите на Окланд, најновиот клуб од Нов Зеланд кој стана 13 член на најдобрата лига. На целосно распродадениот стадион во Окленд, домаќините имаа веднаш на што да се радуваат со сигурната победа над Бризбен Роар од 2:0.

Првиот погодок беше автогол на Хари Ван Дер Саг во 8 минута за 1:0. Конечниот резултат го постави во 78 минута Логан Роџерсон за 2:0.

На другите средби беа постигнати следните резултати: Централ Кост Маринерс – Мелбурн Виктори 0:0; Њукастел Џетс – Мелбурн Сити 0:1; Вестерн Сиднеј Вондерерс – Сиднеј 1:2; Велингтон Феникс – Вестерн Јунајтед 1:1; Макартур – Перт Глори 6:0. Оваа седмица Аделаид Јунајтед паузираше бидејќи сега лигата има непарен број на тимови.

## ИДНО КОЛО

| | |
|---|---|
| **Макартур – Њукастел Џетс** | **петок, 25 окт. 19:35** |
| **Аделаид Јунајтед – Централ Кост М.** | **сабота, 26 окт. 17:00** |
| **Мелбурн Сити - Мелбурн Виктори** | **сабота, 26 окт. 19:35** |
| **Перт Глори – Велингтон Феникс** | **сабота, 26 окт. 21:45** |
| **Окланд – Сиднеј** | **недела, 27 окт. 14:00** |
| **Вестерн Јунајтед – Вестерн Сиднеј В.** | **недела, 27 окт. 16:00** |

# МАРК МАРКЕЗ Е ПОБЕДНИК НА ТРКАТА ЗА ГН НА МОТО ГП НА АВСТРАЛИЈА

Марк Маркез е победник на трката од за Големата награда на Австралија на МОТО ГП која се возеше на патеката „Филип Ајленд“.

Осумкратниот светски шампион дојде до својата трета победа сезонава, и по петти пат триумфираше на оваа патека во Австралија.

Прв стигна за секунда пред возачот на Прамак, Хорхе Мартин, инаку водечки во генералниот пласман сезонава, а на третото место заврши Франческо Пеко Бања, актуелниот светски шампион во Мото ГП.

Четврти заврши Италијанецот Ди Џанантонио, пред сонародникот Бастианини од Дукати.

